Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Фестивалот.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател и 4 (четири) членови по предлог на културно-уметничките друштва и фолклорни ансамбли од градот.

Мандатот на Организацискиот одбор е четири години од денот на именувањето.

**Член 3**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес се одржува секоја година во последната седмица од јуни или првата седмица од јули во траење од најмалку 4 фестивалски вечери.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од Организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

**Член 4**

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ – Велес со утврден број на ансамбли, распоред на настапите, рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на:

1.Развивање на меѓународните контакти од областа на негувањето на фолклорот и традицијата.

2.Афирмирање на македонските културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

3.Афирмирање на достигнувањата на велешките културно-уметнички друштва и фолклорни ансамбли.

4.Афирмирање на вредностите на фолклорот на гостите од странство.

За реализирање на Програмата Организацискиот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата во Република Северна Македонија и странство;
- Фолклорни фестивали и манифестации од Република Северна Македонија и странство;
- Здруженија и асоцијации што го негуваат фолклорот и традицијата од Република Северна Македонија и странство;
- Државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- Други установи од интерес за успешна реализација на Фестивалот.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес" – Велес е од ревијален карактер и не се доделуваат награди.

Сите учесници на Фестивалот добиваат диплома за учество.

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до мај во тековната година ги соопштува имињата на ансамблите учесници на Фестивалот.

**Член 8**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседател - 21.000 денари;
- член (поединечно) -15.000,00 денари.

**Член 9**

Во текот на организирањето и реализирањето на Фестивалот, Организацискиот одбор соработува со Одделението за јавни дејности и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршување на Фестивалот Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат: „Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06); Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/17) и Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал Велес – Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.11/18)“.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-2585/7
28.05.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Одделение за поддршка на Градоначалникот;
-Одделение за јавни дејности и
-Списи и архива.